# УРЕДБА

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2011 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2011 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 15/2011, 42/2011, 52/2011, 77/2011 и 92/2011) во член 2 став 2 по точката 40 се додаваат две нови точки 41) и 42) кои гласат:

**“41) За Директни плаќања за земјоделските стопанства кои имаат произведено и продадено грозје до 15.11.2011 година во регистрирани домашни винарски визби**.

- Корисници на оваа подмерка се семејни земјоделски стопанства кои имаат произведено и продадено грозје до 15.11.2011 година во регистрирани домашни винарски визби.

- Висината на директните плаќања изнесува 2,00 ден/кг.

**42) Директни плаќања за намалување на залихи на вино и поддршка за откуп на грозје**.

- Корисници на оваа подмерка се винарски визби кои се запишани во Регистарот за производители на вино ( согласно Законот за вино, „Службен весник на Република Македонија” бр. 50/2010) и имаат откупено винско грозје со технолошка зрелост на грозјето од минимум 17% шеќерни единици по цена од минимум 8 ден/кг за следниве сорти: Аликан буше, Беглерка бела, Белан, Бургундец бел, Бургундец сив, Шардоне, Фиано, Жилавка, Жупљанка, Кадарка, Карињан, Малвазија ароматична, Мускат отонел, Охридско бело, Пловдина, Рајнски ризлинг, Ризлинг италијански, Ркацители, Совињон бел, Семијон, Смедеревка, Темјаника, Траминец бел и Јуни блан и минимум 18% шеќерни единици на грозјето по цена од минимум 10 ден/кг за следниве сорти: Беглерка црна, Бургундец црн, Каберне франк, Кабарне совињон, Франковка, Гаме бојадисер, Гаме црн, Гренаш црн, Жуппски бојадисер, Карински бојадисер, Кратошија, Мерло, Монтепулчиано, Мускат Хамбург, Црвен мускат, Небиоло, Никодинка, Плавец мал, Охриско црно, Прокупец, Рефошко, Санџовезе, Станушина, Сирах, Темпранило, Теран, Траминец ароматичен, Траминец црвен, Вердо мал и Вранец.

- Висината на директните плаќања изнесува 4,3 ден/кг за откупено грозје од следниве сорти: Аликан буше, Беглерка бела, Белан, Бургундец бел, Бургундец сив, Шардоне, Фиано, Жилавка, Жупљанка, Кадарка, Карињан, Малвазија ароматична, Мускат отонел, Охридско бело, Пловдина, Рајнски ризлинг, Ризлинг

италијански, Ркацители, Совињон бел, Семијон, Смедеревка, Темјаника, Траминец бел и Јуни блан од  коопeранти во 2011 година и тоа за количините кои се од 65 до 100% во споредба со просекот од откупените и преработените количини од коопeранти во 2009 и  2010 година (не земајќи ги во предвид количините на преработеното грозје од сопствено производство),

- Висината на директните плаќања изнесува 7,1 ден/кг за откупено грозје од следниве сорти: Беглерка црна, Бургундец црн, Каберне франк, Кабарне совињон, Франковка, Гаме бојадисер, Гаме црн, Гренаш црн, Жуппски бојадисер, Карински бојадисер, Кратошија, Мерло, Монтепулчиано, Мускат Хамбург, Црвен мускат, Небиоло, Никодинка, Плавец мал, Охриско црно, Прокупец, Рефошко, Санџовезе, Станушина, Сирах, Темпранило, Теран, Траминец ароматичен, Траминец црвен, Вердо мал и Вранец од  коопeранти во 2011 година и тоа за количините кои се од 65 до 100% во споредба со просекот од откупените и преработените количини од коопeранти во 2009 и  2010 година (не земајќи ги во предвид количините на преработеното грозје од сопствено производство),

- Висината на директните плаќања изнесува 2 ден/кг за откупено грозје од следниве сорти: Аликан буше, Беглерка бела, Белан, Бургундец бел, Бургундец сив, Шардоне, Фиано, Жилавка, Жупљанка, Кадарка, Карињан, Малвазија ароматична, Мускат отонел, Охридско бело, Пловдина, Рајнски ризлинг, Ризлинг италијански, Ркацители, Совињон бел, Семијон, Смедеревка, Темјаника, Траминец бел и Јуни блан од  коопeранти во 2011 година и тоа за количините кои се од 100 до 150% во споредба со просекот од откупените и преработените количини од коопeранти во 2009 и  2010 година (не земајќи ги во предвид количините на преработеното грозје од сопствено производство),

- Висината на директните плаќања изнесува 3 ден/кг за откупено грозје од следниве сорти: Беглерка црна, Бургундец црн, Каберне франк, Кабарне совињон, Франковка, Гаме бојадисер, Гаме црн, Гренаш црн, Жуппски бојадисер, Карински бојадисер, Кратошија, Мерло, Монтепулчиано, Мускат Хамбург, Црвен мускат, Небиоло, Никодинка, Плавец мал, Охриско црно, Прокупец, Рефошко, Санџовезе, Станушина, Сирах, Темпранило, Теран, Траминец ароматичен, Траминец црвен, Вердо мал и Вранец, од  коопeранти во 2011 година и тоа за количините кои се од 100 до 150% во споредба со просекот од откупените и преработените количини од коопeранти во 2009 и  2010 година (не земајќи ги во предвид количините на преработеното грозје од сопствено производство).„

Член 2

Во членот 4 по точката 6 се додава нова точка 7 која гласи:

“7. За точката 41 крајниот рок за поднесување на пријава е 15.11.2011 година, а за точката  42 крајниот рок за поднесување на пријава е 30.11.2011 година.“